ЗДРУЖЕНИЕ НА НОВИНАРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА
ASSOCIATION OF JOURNALISTS OF MACEDONIA
✉"ГРАДСКИ ЅИД" БЛОК 13, 1000 СКОПЈЕ
✆ ++389 2 3298-139 E-mail: contact@znm.org.mk www.znm.org.mk

ДО:

Членовите на РЕДОВНОТО СОБРАНИЕ на

Здружение на новинарите на Македонија

# И З В Е Ш Т А Ј

На Надзорниот одбор (НО) на Здружение на новинарите на Македонија

Согласно овластувањата и Правилникот за работа на Надзорниот одбор на ЗНМ, членовите на ова тело го изготвија следниот извештај со заклучоци за сопствената работа и работата на ЗНМ за периодот јануари – декември 2023 година. За потребите на овој извештај, членовите на НО на ЗНМ одржаа три седници од кои две во текот на 2023 година и една во 2024 година но исто така имаа и неколку неформални средби. На седниците, членовите на НО имаа увид во материјално – финансиската работа преку презентација на релевантни финансиски документи и увид во истите. Освен ова, на седниците беше заклучено од извршната канцеларија да се достават и дополнителни полугодишни извештаи за финансиското работење на ЗНМ а беше доставен и ревизорски извештај изработен од страна на надворешна ревизорска куќа со странска франшиза.

Членовите на Надзорниот одбор го прифатија годишниот извештај за финансиско-материјалното работење на ЗНМ за периодот 01.01-31.12.2023 и Извештајот на независниот ревизор со неколку забелешки:

- Да се почитува Статутот во делот за организирање на Собрание на ЗНМ, најмалку еднаш годишно. Поради завршувањето на финансиските извештаи и нивно предавање до март секоја година, препорачуваме Собранието на ЗНМ да се организира во период не подоцна од 30.04. во тековна година.
- Надзорниот одбор нотира дека ЗНМ, во текот на 2023. година успеа да обезбеди поддршка и средства за спроведување на стратешките определби на здружението.
- Од вкупните приходи во 2023. година за периодот 01.01-31.12.2023 најголемиот дел, речиси 98%, ЗНМ ги обезбеди преку грантови и донации од меѓународни институции и организации. Станува збор 35.637.168 денари (околу 579.466 евра, сметано по курс 61,5). Од овие средства 11.045.192 денари се пренесени од претходната година. И со финансискиот извептај за конкретната 2023-та година, нотирано е дека во наредната 2024. година се пренесени односно има вишок на приходи од 13.653.778 денари. Потребно е подобро објаснување за начинот на кој се пренесуваат средствата од една фискална во друга фискална година.
- Со сето разбирање за предизвиците поврзани со економската состојба на новинарската фела во земјава, и натаму стои обврската да се изнајде модус за подобрување на наплатата и зголемување на приходите по основ на членарина, кои сега се на ниво под 0,46% од вкупните приходи остварен во периодот 01.01-31.12.2023 година и се мали и незадоволителни. Во 2023-та година се собрани 170.400 денари по основ на членарина.

"ГРАДСКИ ЅИД" БЛОК 13, 1000 СКОПЈЕ
++389 2 3298-139 E-mail: contact@znm.org.mk www.znm.org.mk

- Со договорот од јули 2023 година, потпишан од закупецот на Клубот на новинари во времетраење од 5 години, Клубот во 2023 година е повторно функционален и обезбедува приходи по основ на закупнина. Вкупните приходи по овој основ за 2023 изнесуваат 590,533 денар, или околу или 1,62% од вкупниот буџет за период 01.01-31.12.2023. Наплатата на овие приходи се одвива со задоцнување, делумно и поради општата економска состојба во 2023. година.
- Надзорниот одбор побара извештаите (периодични и годишни) што се доставуваат до нив во иднина да бидат подетални, со опис што ќе овозможи полесно разбирање на проектите и трошоците. Констатирано е дека финансискиот извештај во одделите за приходи и трошоци ги прикажува податоците некомпактибилни и неразбирливи односно се разложени на различен начин.
- Надзорниот одбор препорача да се подготви упатство против конфликт на интереси, со што би се придонело кон поголема транспарентност во работењето на здружението. Надзорниот Одбор пепорачува подготовката да заврши до наредното Собрание на ЗНМ, кога правилникот би се усвоил.
- Надзорниот одбор предложи да се разгледа можноста за измени и дополнувања во правилникот за работа на ова тело, со цел одредени квалитативни подобрувања на постојниот правилник. Правилникот треба да се смени и да регулира кога членови на Надзорен Одбор и во кои услови може да учествуваат во определени активности и проекти на ЗНМ без да се наруши довербата во поддоленоста на улогите на телата на Здружението.
- Надзорниот одбор ги разгледа извештаите (Финансиски и ревизорски) во кои се констатира дека извршната канцеларија ги троши средствата одговорно и за намената за која се добиени, според одобрените проектни апликации и во согласност со прописите на донаторите и со домашните законски прописи за финансиско работење. Исто така, се констатира дека во ревизорскиот извештај, изработен од ревизорската куќа "Бакер Тили Јоанидис" нема негативни забелешки ниту наоди за работата на ЗНМ за дадениот временски период и дека не е констатирана злоупотреба на средствата.

## З А К Л У Ч О Ц И

Надзорниот одбор се согласува со наодот од Извештајот на независниот ревизор за периодот до 31.12.2023 година.

Во анализираниот период, задржан е бројот на вработени лица во извршната канцеларија на ЗНМ, чија задача е поголема ефикасност во работењето на Здружението,

✉"ГРАДСКИ ЅИД" БЛОК 13, 1000 СКОПЈЕ
☏ ++389 2 3298-139 E-mail: contact@znm.org.mk www.znm.org.mk

обезбедување подобар сервис за членовите, како и можност за мобилизирање на фондови со кои ќе се обезбедува исполнувањето на мисијата на здружението.

- Надзорниот одбор ги нотира активностите од заложбите на ЗНМ за системско подобрување на безбедноста на новинарите кое доведе до договорот со Основното Јавно Обвинителство (ОЈО) во Скопје и назначување на четири обвинители кои што ќе се грижат за правната безбедност на новинарите во случај на загрозување на нивната безбедност и права. Надзорниот одбор го цени како позитивен чекор, усвојувањето на измените на Кривичниот закон кои обезбедуваат третман на новинарите и медиумските работници како службени лица во случај на загрозување на нивната безбедност – со овие измени трошоците на новинарите кои имаат повреда на право практично ќе бидат изземени, бидејќи за случаи во кои е нарушена нивната безбедност, постапката ќе биде иницирана по службена должност од страна на надлежните институции. Потребно е да се подобри ефикасноста на пријавување на вакви инциденти, особено во полициските станици каде е забележано несоодветно постапување при пријавување.
- Надзорниот одбор, исто така позитивно го оценува резултатот од активностите на ЗНМ за измена и дополна на Законот за граѓанска одговорност од клевета и навреда. Со усвојувањето на овие измени, кои беа иницирани од страна на ЗНМ, се овозможи нематеријалната штета кон новинари и уредници да се намали за пет пати, со што се дава поголема економска сигурност на оние новинари кои се или би биле засегнати од вакви тужбени постапки.
- Надзорниот одбор препорачува мерки и активности за поголемо и поефикасно информирање на членството за бенефициите кои се обезбедени за членството. Меѓу кои е и продолжувањето на можноста за бесплатната правна помош за новинарите и следењето на судски рочишта на новинари и медиумски работници, како и можноста за бесплатна психолошка поддршка за новинарите кои имаат потреба за надминување на предизвиците од професионална работа (професионално прегорување). Надзорниот одбор цени дека ЗНМ треба да стори напори да обезбеди поддршка за продолжување на овие и слични услуги/бенефиции за членството и во 2024 година. Надзорниот одбор препорачува да се обезбеди бесплатен пристап за членовите до сите културни институции во Македонија.
- Надзорниот одбор ќе ги поддржи сите мерки на ЗНМ во насока на подобрување на наплатата на членарината, но без мерки кои би влијаеле врз економската состојба на членовите. Надзорниот одбор препорачува членските книшки да бидат соодветни на дигиталното време, во дигитален формат, а преку замената може да се дојде до подобра наплата на членарината.
- Надзорниот одбор ги цени, но смета дека треба да се зголемат активностите на ЗНМ да обезбеди поголема видливост на здружението преку разновидни активности, вклучително јавни настани, кампањи и документи за политики со кои се бара подобрување на правното, економското и социјалното опкружување за новинарите. Надзорниот одбор препорачува поголема активност и употреба на новите дигитални алатки и социјалните мрежи.
- Надзорниот одбор ги поздравува напорите на ЗНМ да обезбеди можност за обуки со

“ГРАДСКИ ЅИД” БЛОК 13, 1000 СКОПЈЕ

++389 2 3298-139 E-mail: contact@znm.org.mk www.znm.org.mk

кои се придонесува кон подигање на професионалното ниво и етичките норми на новинарите во земјата.

- Надзорниот одбор побара извештаите (периодични и годишни) што се доставуваат до нив во иднина да бидат подетални, со опис што ќе овозможи полесно разбирање на проектите и трошоците. Констатирано е дека финансискиот извештај во одделите за приходи и трошоци ги прикажува податоците некомпактибилни и неразбирливи односно се разложени на различен начин.

- Надзорниот одбор препорача да се подготви упатство против конфликт на интереси, со што би се придонело кон поголема транспарентност во работењето на здружението. Надзорниот Одбор препорачува подготовката да заврши до наредното Собрание на ЗНМ, кога правилникот би се усвоил.

- Надзорниот одбор предложи да се разгледа можноста за измени и дополнувања во правилникот за работа на ова тело, со цел одредени квалитативни подобрувања на постојниот правилник. Правилникот треба да се смени и да регулира кога членови на Надзорен Одбор и во кои услови може да учествуваат во определени активности и проекти на ЗНМ без да се наруши довербата во поделеноста на улогите на телата на Здружението.

- Надзорниот одбор ги разгледа извештаите (Финансиски и ревизорски) во кои се констатира дека извршната канцеларија ги троши средствата одговорно и за намената за која се добиени, според одобрените проектни апликации и во согласност со прописите на донаторите и со домашните законски прописи за финансиско работење. Исто така, се констатира дека во ревизорскиот извештај, изработен од ревизорската куќа “Бакер Тили Јоанидис“ нема негативни забелешки ниту наоди за работата на ЗНМ за дадениот временски период и дека не е констатирана злоупотреба на средствата.

Надзорниот одбор своите наоди и забелешки ги базира врз основа на увид во ревизорскиот извештај на ЗНМ изработен од ревизорската куќа “Бакер Тили Јоанидис“, а кој се однесува за периодот 01.01.2023-31.12.2023 година, како и врз основа на седниците одржани помеѓу членовите на надзорниот одбор и претставници на извршната канцеларија на ЗНМ, документите приложени на увид на седниците на НО како и врз основа на консултации и средби одржани во претходниот период.

На седницата на НО, одржана на 27 ноември 2024 г. беа присутни сите членови на Одборот, кои заедно го подготвија и едногласно го одобрија Извештајот.

*Скопје, 26.11.2024 година*

Претседател на Надзорен одбор,

________________________

Мефаил Исмаили